# ЗА ЛОЗОВО ГАРАНТИРАМЕ

7

# СОЗДАДИ НОВА ИДНИНА!

ПРОМЕНИ • ПРОЕКТИ • ПОБЕДИ



Сте се прашале ли дали живеете подобро? Дали државата се движи во вистинска насока? Дали сте задоволни од ова што се случува? Дали сметате дека живееме во нормална држава и дека се слуша вашиот глас, дека власта ги одржала ветувањата, и дека оваа власт е најдоброто нешто што вие го заслужувате?

Ќе дозволите ли да продолжат на ист начин како досега, или ќе ги земете работите во свои раце и ќе започнете да создавате нова иднина со ваш сопствен печат, иднина каква што посакувате и каква што заслужувате?

Покажете дека мора поинаку, и дека не сте задоволни од ова што се случува. Почувствувајте ја шансата која е пред сите вас, шанса за промени, проекти и победи. Шанса да покажеме дека ќе успееме, дека знаеме, умееме и сакаме да ја направиме Македонија нормално, убаво место за живеење.

На овие избори треба да ѝ одговорите на власта дали целосно ќе ѝ ја препуштите државата или ќе преземете контрола над сопствената судбина и држава и ќе создадете нова иднина?

Покажете дека во вас постои надеж и пркос, дека сакате да создавате и дека не се плашите да верувате во себе и во иднината на вашите деца. Таа иднина зависи исклучиво од вас и од промените кои неминовно доаѓаат, а кои ќе ги донесете вие. Промени што ќе значат нова енергија, кои ќе го поддржуваат позитивното наспроти негативното, креативното и продуктивното

наспроти деструктивното, ќе поддржуваат квалитет наспроти партизација, работа наспроти неработа, почитување и исполнување на ветеното наспроти измамите на власта.

Насекаде гледаме хаос и загубена перспектива. Луѓето се разочарани. Власта тоа го користи и го злоупотребува. Тоа мора да престане. Поделбите да запрат. Народот треба да се обедини: десни, леви, Македонци, Албанци, Турци, Срби, Роми, Власи, Бошњаци, стари и млади, жени и мажи. Дојде време за промени и народот мора да почне да ја создава новата иднина. Да излеземе од кругот на апатијата. Затоа што колку повеќе овие се на власт, толку помалку останува од Македонија, толку помалку нè има во државата.

И таму, меѓу нив, има луѓе кои го гледаат тоа, има незадоволство. Ние сакаме сите да се обединиме и да порачаме дека нашата генерација ја сфати важноста на овој историски момент, ја гледа шансата за промени, проекти и победи, шансата да создава, шансата за нова иднина. Да покажеме дека Македонија е држава и дека тука живее и ќе живее среќен народ кој си ја сака сопствената земја.

Ние имаме знаење и програма со многу проекти, ние гарантираме дека ќе ги исполниме и вие знаете дека можете да му верувате на нашиот даден збор. Поучени сме од грешките во минатото, па со поправени и искоренети слабости, ние сме нови луѓе, квалификувани, чесни и свесни за околностите и за одговорноста што ја преземаме. Создадовме нова иднина кај нас, сакаме обединети со вас да создадеме нова иднина за сите нас. На овие избори влегуваме со чисто срце и ја бараме вашата доверба, ви ветуваме многу работа и конкретни резултати. Новата иднина започнува со промените, по кои следат проектите, новата иднина ќе ги донесе победите.

А тие сакаат да мислите дека сите сме исти! Тоа е дел од нивната пропаганда, за да останете разочарани и на тој начин да го бараат својот спас. Со малата излезност, со вашето негласање или со нивните тројански експерименти – тие добиваат најмногу.

Ако не ги опомените на овие избори, тие ќе мислат дека ги поддржувате. Ако им ја оставите апсолутната власт, нивната аздисаност ќе се зголеми – ќе биде уште полошо. Иднината со нив не е иднина каква што вие заслужувате. Иднината со нив е хаотична, несреќна и апатична.

Излезете и изборете се! Создадете нова иднина! Таму лежи шансата за промени, Нова иднина за секој од вас, за секој дом, семејство, улица и населено место, таа нова иднина е за сите нас. Новата иднина е убава иднина! Таа е иднина на договор помеѓу граѓаните и политичарите, иднина на нормална држава во која ќе има ред и работа. Нештата ќе се менуваат, ќе има проекти и конкретни резултати, подобар стандард и можности за секого. Во новата иднина граѓаните ќе ги контролираат институциите, за разлика од сегашноста во која институциите ги контролираат граѓаните.

Новата иднина ќе донесе подобри денови, раст и развој, во неа ќе има авангардна младина и спокојна старост. Во неа ќе се создава, ќе создавате вие за вас и за вашите семејства. Ќе создаваат и вашата општина и државата за вас, затоа што вие премногу ѝ дадовте на земјата, сега е момент земјата да ви дава вам.

Затоа создадете ја новата иднина! Тие се плашат од неа. Од новата иднина во која сè ќе биде подобро, посветло и посреќно и во која нивните грешки ќе можеме сложно да ги исправиме. За таа нова иднина вреди да се бориме. Таа е доброто, таа е сè што тие не се. Иднина за вас, за Македонија, нова иднина во која оптимизмот ја победува малодушноста, иднина на триумф на вашите вредности.

Новата иднина е нивниот најголем кошмар. Таа создава! Таа носи промени и проекти! Новата иднина победува! Затоа

**СОЗДАДИ НОВА ИДНИНА!**

**ПРОМЕНИ. ПРОЕКТИ. ПОБЕДИ**

# 1. ОБРАЌАЊЕ



Напредокот на општината е цел за која сите заедно мораме да работиме и да се залагаме. Како дел од помладата генерација, со сигурност можам да кажам дека имам капацитет и енергија, визијата да ја претворам во реалност. Ќе се залагам за подобрување на стандардот на живеење на сите граѓани на Општина Лозово, а посебно за младите да биде уште подобро место за живеење каде ке ја градат својата иднина и семејство. Пред граѓаните ќе понудам концепт на одговорно работење и ќе бидам подготвен да им излезам во пресрет за сите потреби, информации и помош во решавање на нивните проблеми. Ќе се залагам за зголемена ефективност и одговорност на локалните власти во нивното работење и поголема вклученост на граѓаните во донесувањето на одлуки за прашања што за нив се од суштинско значење. Локалните претставници ќе бидат секојдневно на терен, за да бидат во директна комуникација со граѓаните во сите населени места, спроведувајќи една од најдобрите светски практики за подобрување на распределбата на локалните буџетски средства. По принципот на партиципативно буџетирање сите граѓани би имале еднакви можности да бидат вклучени во донесувањето на одлуки за намена на општинските финансии. Преку партиципативното донесување на одлуките, граѓанинот ќе го добие местото што го заслужувал отсекогаш. Тој е централна клетка од која поаѓаат и се разменуваат информации преку креаторите на локалната политика и корисниците на услугите. За се она што ќе биде реализирано како проект, граѓаните на најтранспарентен начин ќе можат бесплатно да пристапат кон информациите за донесените одлуки, акти и буџет. Посебен нагласок ќе ставам на Локалниот економски раз-

вој кој значи потреба од директна работа за економско зајакнување на локалните области за да се подобри квалитетот на живот на граѓаните. Визијата, стратегијата и планираните активности треба да бидат реални и возможни за имплементација од страна на општината, а не само нејзини желби и соништа. Затоа цврсто верувам дека со мојот начин на работа ќе успеам проектите содржани во Програмата да ги исполнам во целост и да постигнам видливи резултати.

Со почит,

Бошко Цветковски,

Кандидат за Градоначалник на Општина Лозово

# 2. ПРИОРИТЕТНИ ПРОЕКТИ ЗА ЛОЗОВО

**ВМРО ДПМНЕ** е партија за сите граѓани на Република Македонија.

Во својата четиригодишна програма за локалните избори 2021 ќе се заложиме за:

- Воспоставување на механизми и алатки за унапредена инклузивност и вклученост на граѓаните во работата на општината, непречено консултирање преку веќе воспоставените механизми (референдум, граѓанска иницијатива, собир на граѓани, јавни форуми и дебати) и преку користење на е-алатки, како и поголемо информирање на граѓаните преку активна транспарентност и објавување на сите информации на веб страницата и социјалните медиуми;
- Јакнење на капацитетот на администрацијата, јавните претпријатија и институциите за соработка со граѓанскиот сектор и граѓаните, воспоставување механизам за соработка и финансиска поддршка за проекти на здруженијата на граѓани и обезбедување на социјална/меѓуетничка кохезија особено меѓу младите преку спроведување заеднички активности; континуирана соработка со бизнис секторот во поглед на редовни состаноци, реализација на нивни идеи и бизнис планови;
- Воспоставување редовна практика на мерење на задоволството на граѓаните од општинските услуги преку анкети;
- Длабинска анализа на капацитетите на вработените во општината, институциите и јавните претпријатија за управување со јавни финансии и планирање на ликвидноста на буџетите;
- Целосна интегрална внатрешна контрола и ревизија на јавните средства;
- Понатамошно унапредување на фискалната транспарентност и инклузивност на процесот на буџетирање и креирање на општинските годишни програми и стратегии.;

Во својата Програма која ја поделивме на неколку поглавја, **ВМРО-ДПМНЕ** за општина Лозово ќе вложи огромен труд, средства и човечки и интелектуален капацитет за развој на сите овие компоненти.

## ПОДОБРУВАЊЕ НА ВОДОСНАБДУВАЊЕТО НА ОПШТИНА ЛОЗОВО

Водоснабдувањето во Општина Лозово е еден од основните проблеми кој во наредниот период мора да биде решен. Благовременото решавање на проблемите на граѓаните преку изградба на водоснабдителни и канализациски системи создаваат услови за поздрава и почиста животна средина. Со ова техничко решение предвидено е изградба на филтер станица со капацитет од 20л/с и цевковод во должина од 12км од филтерната станица до сите населени места. Водата е од хидросистемот Злетовица од каде техничка вода преку цевководи е е веќе донесена до Лозово. Дистрибуцијата на вода од филтерната станица до Лозово и Дорфулија ќе се одвива гравитационо, а до Каратманово и Милино ќе се дистрибуира со соодветни пумпи.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината/меѓународни грантови.

**Рок на реализација:** 2023 година.

## ПРОМОЦИЈА И РАЗВОЈ НА ИНДУСТРИСКА ЗОНА

На територијата на Општина Лозово постои индустриска зона која опфаќа 40 парцели со вкупна површина од 16,7 хектари, но сведоци сме дека до сега нема заинтересираност кај ниту еден инвеститор. Во оваа насока ќе биде формиран тим од општинската администрација со кој ќе изготвиме план и стратегија за промоција на индустриската зона, нејзините карактеристики и поволности, со цел привлекување на странски инвеститори кои што ќе отворат нови производителни погони од областа на текстилната и прехрамбена индустрија. Изградбата на индустриски комплекси од ваков вид би го олеснила секојдневниот живот на граѓаните од оваа област на начин што нема да патуваат и да бараат работа, како и да се отселуваат во друг град. Дополнително ќе се залагаме за ослободување на потенцијалните инвеститори од одредени комунални давачки и надоместок за земјиште и овозможување на целосна логистичка поддршка за инвеститорите.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** Од 2021 година до целосна продажба на сите парцели.

## ПРОГРАМА ЗА ЛОКАЛЕН РУРАЛЕН РАЗВОЈ

Како општина ќе овозможиме максимална поддршка на нашите земјоделци,со цел да придонесеме во практично реализирање и

промовирање на мерките за финансиска поддршка и субвенционирање на земјоделството во насока на структурно прилагодување од традиционалното кон модерното конкурентно земјоделство и создавање на подобри услови за живот во руралните подрачја. Преку четиригодишната програма ќе се опфати одржување на полските патишта на територијата на општината со што ќе се олесни пристапот за земјоделците до обработливите површини и привлекување на инвеститори за отварање на откупни центри за земјоделски производи со што би се подобрил пласманот на земјоделски производи и ќе се овозможи поквалитетна понуда за потрошувачите.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2021 - 2024 година

## ХОРТИКУЛТУРНО И ПАРТЕРНО УРЕДУВАЊЕ НА ЦЕНТРАЛНИТЕ ПОДРАЧЈА НА СИТЕ НАСЕЛЕНИ МЕСТА НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ЛОЗОВО

Со овој проект ќе им биде овозможено на сите населени места да добијат урбан лик.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2024 година.

## ПАРТЕРНО УРЕДУВАЊЕ НА МЕСТА ПРЕДВИДЕНИ ЗА ПИКНИК

Со овој проект ќе им биде овозможено на сите граѓани на Општина Лозово да добијат места за пикник во природа.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2023 година.

## РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ФАСАДА НА ОБЈЕКТИ НА ПОДРАЧНИТЕ УЧИЛИШТА НА ООУ „МЕТОДИ МИТЕВСКИ – БРИЦО“

Поставување на стиропорна фасада со цел зголемување на енергетската ефикасност, односно зачувување на топлината од парното греење во текот на зимскиот период.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината/централна власт/меѓународни грантови.

**Рок на реализација:** 2021 - 2024 година.

# 3. ПОДОБРИ УСЛОВИ ЗА ЖИВОТ ЗА СИТЕ ЛУЃЕ

Заедно со мојот тим превземаме голема обврска и го заложуваме сиот наш интегритет, интелектуален капацитет, дека секој атом од нашата сила и енергија ќе го вложиме во конечна победа над сите пречки што се исправиле на патот на прогресот на нашата општина!

Како Градоначалник на Општина Лозово, пред граѓаните ќе понудам концепт на одговорно работење и ќе бидам подготвен да им излезам во пресрет за сите потреби, информации и помош во решавањето на нивните проблеми. Ќе се залагам за зголемена ефективност и одговорност на локалните власти во нивното работење и поголема вклученост на граѓаните во донесувањето на одлуки за прашања што за нив се од суштинско значење.

Токму затоа, наши основни приоритети ќе бидат:

- **Стоп за регионалната ФАБРИКА ЗА УНИШТУВАЊЕ НА МРШИ;**
- **Градиме инфраструктура за сите населени места подеднакво;**
- **Лозово да биде со чиста животна средина;**
- **Локален економски развој;**
- **Еднакви можности за сите;**
- **Општина на социјална сигурност – повеќе пари за социјални трансфери;**
- **Квалитетно образование за сите;**
- **Квалитетни и оддржливи комунални услуги;**
- **Младите во фокусот на локалните политики;**
- **Транспарентна, отчетна, услужна, правична, отворена општина за сите граѓани!**



# 4. ЕКОНОМСКИ СИЛНА ОПШТИНА ЗА ПОДОБАР ЖИВОТЕН СТАНДАРД НА СИТЕ ГРАЃАНИ

## ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ

Стратешкото планирање е демократски метод во општината за создавање на визијата и на стратегиите за да се достигне посакуваната иднина на општината, за насочување на активностите и проектите, за имлементација на планирањето како пристап и за нивно претставување во форма на документ - Стратешки план. Стратешкото планирање на општината е рационално управување со неа, а тоа пак има потреба од согледување на фактичките состојби и потреби во општината и создавање решенија низ мерки и активности кои реално би можеле да се применат за разрешување на проблемите и потребите на општината. Со други зборови, стратешкото планирање е процес на разбирање на ситуациите во кои се наоѓа општината, анализа која треба да ги идентификува потребите во сите сфери на живеење и врз основа на идентификуваните потреби да се создадат решенија кои би биле возможни за аплицирање во обидот да се решат општинските потреби и истите треба да бидат базирани на потребите и приоритетите на граѓаните.За да можат решенијата да бидат реално остварливи, взаемно поврзани и интегрирано да влијаат врз постоечката состојба, потребно е постоење на заедничка визија за тоа каде граѓаните и субјектите сакаат да биде општината во иднина и стратегии како да се стигне до таму. Сознанието за овие потреби треба да ја опфати целокупната организациска структура на општината и капацитетите на севкупните локални ресурси, споредени со ситуацијата на регионално и национално ниво. Визијата, стратегијата и планираните активности треба да бидат реални и возможни за имплементација од страна на општината, а не само нејзини желби и соништа. Стратегијата за локален економски развој се однесува и на заедницата која презема заеднички напори за подобрување на климата за инвестирање, за подобрување на конкурентноста во однос на други локални заедници во земјата, во меѓународни рамки, да го зголеми бројот на работните места, да се подобрат

приходите на граѓаните во заедницата, да се подигне нивото на квалитетот на живеење според европските и светски стандарди.

## СТРАТЕГИЈА ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ

Локалниот економски развој е дел од одржливиот локален развој.Тој е надлежност на локалната самоуправа и во најголем дел, зависи од доброто планирање од страна на самата единица на локалната самоуправа. Мерките на национално ниво, најчесто, не се во можност прецизно да ги идентификуваат потребите на општините во државата и затоа подготовката на стратегија за развој на локално ниво претставува една од суштествените мерки за планирање на севкупниот оддржлив развој на општините. Неопходноста од изработка на стратегија за локален економски развој, произлегува од важноста да се идентификуваат клучните проблеми со кои се соочува Општина Лозово и таа има за цел догорочно да ги определи генералните насоки на развој на Општина Лозово. Стратешкиот план треба да придонесе за остварување на визијата на општината преку остварување на стратешките цели, кои пак претставуваат мерки за решавање на најгорливите проблеми со кои се соочува Општина Лозово. Невработеноста, потребата за јакнење на човечките капацитети преку образование и доквалификација, обезбедувањето на чиста животна средина, подобрување на инфраструктурата заради зајакнување на економскиот и социо-културниот развој и вклученоста на ранливите групи се клучните предизвици со кои се соочува Општина Лозово.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2023 - 2024 година.

## ОТВАРАЊЕ НА БЕНЗИНСКА ПУМПА ВО ОПШТИНА ЛОЗОВО

Предвидената локација за бензиска пумпа е влезена во урбанистичкиот план и се очекува инвестиција од приватен инвеститор.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2022 година.

## СОВЕТОДАВНИ УСЛУГИ ЗА ОТПОЧНУВАЊЕ НА НОВИ БИЗНИСИ ЗА МЛАДИ

Со овој проект се предвидува формирање на работна група од докажани кадри, со што би се овозможило пристап на млади лица до бесплатни интелектуални и деловни услуги, како и советодавна поддршка за успешен развој на своите идеи и бизнис. Воедно

би се добивале и техничка поддршка во насока на развој, сметководствени и маркетиншки услуги и програми за едукација и советодавна помош со цел изнаоѓање на финансиски средства преку национални и меѓународни проекти.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината /меѓународни грантови.

**Рок на реализација:** Континуирано.

## СТРАТЕГИЈА ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА ПРОЦЕСОТ ЗА ОБРАБОТКА НА ЗЕМЈОДЕЛСКОТО ЗЕМЈИШТЕ

Преку организација на трибини на кои стручни лица од МЗШВ ќе вршат консултации и ќе даваат советодавно мислење на земјоделците од Лозово.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2021 - 2024 година.



# 5. ДИГИТАЛИЗАЦИЈА – SMART CITY

Информациско–комуникациските технологии денес се есенцијална алатка во секојдневниот живот на граѓаните. Затоа, од особена важност е пристапот до ИКТ да биде овозможен и поддржан за сите граѓани, без разлика на нивното место на живеење, познавања за ИКТ, возраст, образование, финансиски средства, дали се работи за лица со инвалидност, лица од социјално маргинализирани групи итн. Следењето на светските трендови се јавува како императив. За реализација и остварување на конкретен информатички развој неопходни се континуирани инвестиции во набавка и осовременување на информатичката структура.

## ДИГИТАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА

Со проектот се планира воведување на бесплатно достапен јавен Wi-Fi, проширување на оптичката мрежа и инсталации низ целата Општина Лозово.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2022 година.

## ДИГИТАЛНИ УСЛУГИ - ДИГИТАЛНА ОПШТИНА

Проектот е замислен како „open data систем, твој документ – наша работа, и ти си дел од процесот“. Со истиот ќе им се овозможи на граѓаните на Општина Лозово брза и ефикасна достапност по електронски пат на сите потребни документи и информации од општината.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2022 година.

## БЕСПЛАТЕН ИНТЕРНЕТ КЛУБ

Со отворањето на овие интернет-клубови, ќе се овозможи бесплатен интернет пристап и ИКТ-обука за лицата што немаат финансиска можност да приклучат интернет во своите домови, а со тоа давајќи им можност и тие да се вклучат во современото дигитално општество.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината/централна власт.

**Рок на реализација:** 2022 година.

## ИНТЕРНЕТ ОБУКИ ЗА ГРАЃАНИТЕ НА ЛОЗОВО

Обуките ќе се спроведуваат во бесплатните интернет клубови, а приоритет ќе имаат повозрасни лица и лица од социјално маргинализирани групи. ИКТ обуките ќе се организираат за основни вештини за практично работење со компјутер и интернет (Word, Excel, PowerPoint, Outlook).

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** Континуирано.

## Е - ОПШТИНА

Воведување на систем кој ќе овозможи во секое време од денот, преку интернет порталот на општината или компатибилно мобилно решение, да се пријави комунален проблем кој општинските служби ќе се обидат да го решат или да ги информираат граѓаните до каде е решавањето на проблемот во најкраток можен рок.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2022 година.

## ОПШТИНСКА КАНЦЕЛАРИЈА ЗА АДМИНИСТРАТИВНА ПОМОШ

Софтвер за канцелариско и архивско работење со веб базирано решение за електронско следење на сите предмети поврзани со работата на локалната самоуправа.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2022 – 2023 година.

## БЕСПЛАТЕН ИНТЕРНЕТ ВО ПОДРАЧЈЕТО НА ГРАДСКИОТ ПАРК

Поставување на мрежа од wireless hotspot локација во Градскиот Парк или воведување на општинска безжична мрежа преку поставување на wireless mesh network (WMN). Преку овој проект бесплатен интернет ќе биде достапен како за граѓаните така и за сите посетители со првенствена цел достапност до Интернет.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2022 година.



# 6. МОБИЛНОСТ И ИНФРАСТРУКТУРА

Современата инфраструктура е основа за развој и привлекување на инвестиции на локално ниво, а добрата сообраќајна поврзаност претставува нејзин значаен елемент. Ефикасната и сигурна патна инфраструктура ја олеснува и поттикнува мобилноста на луѓето и стоките, ја надминува ограниченоста на локалните пазари и создава основа за рамномерен регионален развој. Инвестирањето во патната инфраструктура значи инвестирање во безбедноста, времето, достапноста и економскиот развој на општината. Можноста за непречено комуницирање и пренос на стока и добра по солидна инфраструктура е наша обврска.

## РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ПАТ МИЛИНО - ЛОЗОВО

Со овој пат ќе се овозможи поврзување на трите општини (Свети Николе-Лозово-Велес).

**Извор на финансирање:** Буџет на општината/меѓународни финансиски институции.

**Рок на реализација:** 2022 година.

## РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ПАТ КАРАТМАНОВО – М5

Проектот ќе овозможи санација на оштетувањата на постоечкиот пат.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината/меѓународни финансиски институции.

**Рок на реализација:** 2022 година.

## АСФАЛТИРАЊЕ НА ПАТОТ ЃУЗЕМЕЛЦИ - КНЕЖЈЕ

Поврзување на Општина Лозово со Општина Свети Николе преку алтернативен пат преку кој значително се намалува растојанието помеѓу двете општини.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината/ меѓународни финансиски институции.

**Рок на реализација:** 2022 година.

## АСФАЛТИРАЊЕ И КВАЛИТЕТНО ТАМПОНИРАЊЕ НА СИТЕ УЛИЦИ ВО НАСЕЛЕНИТЕ МЕСТА

Со асфалтирање и квалитетно тампонирање ќе се подобрат условите за живот на граѓаните а со тоа Општина Лозово ќе добие урбан изглед.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината/меѓународни финансиски институции.

**Рок на реализација:** 2021 - 2024 година.

## ПРОДАЖБА НА ГРАДЕЖНИ ПЛАЦЕВИ ЗА ИГРАДБА НА ЖИВЕАЛИШТА ЗА ДОМУВАЊЕ

Со овој проект ќе им биде овозможено на младите брачни парови да добијат шанса за полесна изградба на свој дом.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** Од 2021 година до целосна продажба на сите плацеви.

## ИЗГРАДБА НА ГРАДСКИ ПАРКОВИ ВО ПОГОЛЕМИТЕ НАСЕЛЕНИ МЕСТА

Уредување на просторот во Нова населба во близина на поштата со модерен Градски парк, како и уредување на места предвидени за парк во поголемите населени места.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2022 година.

## ИЗГРАДБА НА НОВА ПРИМАРНА И СЕКУНДАРНА ВОДОВОДНА МРЕЖА

Проектот предвидува промена на старите водоводни цевки со цел спречување на губитоците на вода.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2022 година.

**Извор на финансирање:** Меѓународни финансиски институции / во соработка со централната власт.

**Рок на реализација:** 2024 година.

## ИЗГРАДБА НА НОВА ВОДОВОДНА МРЕЖА ВО СЕЛО КАРАТМАНОВО

Со овој проект ќе се решат проблемите со снабдување и дистрибуција на чиста вода за пиење за граѓаните од село Каратманово.

**Извор на финансирање:** Буџет на општина / во соработка со централната власт.

**Рок на реализација:** 2022 година.



# 7. МОДЕРНО И СОВРЕМЕНО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА СИТЕ МЛАДИ

Проектите имаат за цел да ги подобрат просторните услови во училиштата со што би се придонело за обезбедување на квалитетна настава и креирање на можности за унапредување на воспитно-образовниот процес, создавање на млади кадри кои ќе бидат конкуренти на пазарот на трудот и развој на здрава психофизичка личност кои се основните приоритети на локалната самоуправа во областа на образованието.

## СТИПЕНДИЈА ЗА НАЈДОБРИТЕ

Локалната самоуправа согласно можностите и капацитетите,во соработка со приватниот сектор ке обезбедува финансиски средства за стипендирање на најдобрите ученици со цел поттикнување на јакнењето на свеста кај младите за значењео на образованието.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** Континуирано.

## ВИЗИЈА ЗА ИДНА ОРИЕНТАЦИЈА ВО ШКОЛУВАЊЕТО

Организирање на соодветни бесплатни предавања од страна на релевантни предавачи за правилно насочување на учениците во натамошното школување

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** Континуирано.

## НАГРАДУВАЊЕ НА НАСТАВНИЦИ

Локалната самоуправа согласно можностите и капацитетите, во соработка со приватниот сектор ќе обезбедува парични награди за наставници кои се ментори на ученици кои постигнале високи резултати на државни и меѓународни натпревари со цел да го поттикне и мотивира наставниот кадар.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината/приватен сектор.

**Рок на реализација:** Континуирано.

## ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ЦЕЛОДНЕВЕН ПРЕСТОЈ НА УЧЕНИЦИ ВО ООУ „МЕТОДИ МИТЕВСКИ - БРИЦО“

Продолжениот престој е наменет за децата кои не можат самостојно без придружба да одат дома или без надзор да останат во училиштето до доаѓањето на нивните родители. Современиот брз начин на живот кај се повеќе родители ја наметнува потребата од згрижување на децата пред и после часови. Продолжениот дневен престој е еден од начините со кој може квалитетно и структурално да се реши овој проблем. Со ова им овозможуваме на самите деца правилен раст и развој. Пред почетокот на часовите или по завршувањето на редовните часови, се во зависност од потребата на самите родители, во основното училиште е предвидено да се воведе продолжен дневен престој од 7:30 часот наутро па се до 16:30 часот.

**Извор на финансирање:** Општина Лозово/централна власт.

**Рок на реализација:** Континуирано.

## ОПРЕМУВАЊЕ И ОСОВРЕМЕНУВАЊЕ НА НАСТАВАТА ВО ООУ „МЕТОДИ МИТЕВСКИ -БРИЦО“

Осовременување на наставниот процес со набавка на интерактивни табли во централното и подрачните училишта при ООУ „Методи Митевски - Брицо“- Лозово.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** Континуирано.



# 8. ЕВРОПА ВО МОЈАТА ОПШТИНА

Со цел поголема афирмација на општината преку промоција на нашите позитивни вредности во меѓународни рамки, но исто така и пристапот на размена на искуства преку продолжување и проширување на соработката со општини од соседните европски земји,можеме да ја приближиме Општина Лозово до европскиот животен стандард, а со тоа и да го подобриме Локалниот економски развој.

## ЗБРАТИМУВАЊЕ СО ПРЕКУГРАНИЧНИ ОПШТИНИ И ГРАДОВИ

Предвидена е активна меѓународна соработка, промоција на индустриската зона со цел привлекување на странски инвеститори и овозможување на сигурен пласман на домашните земјоделски производи преку збратимените градови.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2021 - 2024 година.

## ИНТЕНЗИВИРАЊЕ НА МЕЃУНАРОДНАТА СОРАБОТКА СО СОСЕДНИТЕ ДРЖАВИ

Во насока на искористување на европските програми за финансирање на проекти на локалната самоуправа и понатаму ќе ги интензивираме контактите и соработката со институциите од соседните држави во насока на заедничка соработка и комуникација со цел подготовка, аплицирање и имплементација на што поголем број на проекти од европските фондови и програми особено во делот на образованието, културата, спортот и заштита на културното наследство.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** Континуирано.



# 9. ЗАШТИТА ОД КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ И ЖИВОТНА СРЕДИНА

Заштитата и унапредувањето на животната средина и природата е едно од основните права, но и обврски на граѓаните на Република Македонија. Заштитата на животната средина претставува еден од врвните приоритети со кои сакаме да постигнеме не само заштита на природата, туку пред се одржливо користење на природните ресурси на Македонија и одржлив економски развој.

## СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ ПРИ НАБАВКА НА ЕНЕРГЕТСКИ ЕФИКАСНА ОПРЕМА

Ќе овозможиме до 50% субвенции на граѓаните за набавка на енергетски ефикасна опрема: сончеви колектори и фотонапонски панели.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општина Лозово.

**Рок на реализација:** Континуирано.

## ЕНЕРГЕТСКИ ЕФИКАСНО УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ

Примена на LED технологија за модернизација и проширување на уличното осветлување во населените места, што ќе придонесе за заштеда на потрошувачката на електрична енергија и намалување на трошоците кои секое домаќинство ги плаќа за улично осветлување.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општина Лозово.

**Рок на реализација:** Континуирано.

## ПРОЕКТ:ЧИСТА ОКОЛИНА

Преку организација на кампањи и акции за чистење на паркови, зелени површини, собирање предмети и отпад за рециклирање и семинари во врска со климатските промени и заштедата на енергија, ќе се поттикне свеста на младите за волонтирање во однос на зачувување на животната средина, штедење енергија, рециклирање и климатските промени (глобално затоплување).

**Извор на финансирање:** Буџет на Општина Лозово.

**Рок на реализација:** Континуирано.

## БЕСПЛАТЕН ЕНЕРГЕТСКИ СОВЕТНИК

Се предвидува лице или служба во општината да имаат задача на граѓаните и компаниите да им даваат бесплатни енергетски консултации и информации за тоа што општината нуди во оваа област (енергетска ефикасност, презентирање на исплатливи решенија и презентирање поволни услови за финансирање или кредитирање).

**Извор на финансирање:** Буџет на Општина Лозово.

**Рок на реализација:** Континуирано.

## ЗАСАДУВАЊЕ НА ЗИМЗЕЛЕНИ И ЛИСТОПАДНИ ДРВА ПОКРАЈ ГРАДСКИТЕ СООБРАЌАЈНИЦИ ЗА ФИТОРЕМЕДИЈАЦИЈА ОД ТЕШКИ МЕТАЛИ

Во соработка со Македонски Шуми ќе се реализира проектот кој има за цел засадување на зимзелени и листопадни дрва покрај сообраќајниците, дворовите, и други места, со што ќе се поттикне еколошката димензија, континуирана заштита и прочистување на животната средина, како и хортикултурно разубавување на јавните површини.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општина Лозово/централна власт.

**Рок на реализација:** Континуирано.

## СУБВЕНЦИИ ЗА НАБАВКА НА ПЕЧКИ НА ПЕЛЕТИ

Во соработка со централната власт ќе се промовираат можностите за субвенции за набавка на печки на пелети. Со цел намалување на загадувањето на воздухот со ПМ честички и други загадувачки супстанци, кои произлегуваат од користењето на различни горива од страна на домаќинствата (огревно дрво, јаглен, нафта,и др.) се предвидува пакет-мерки за субвенционирање на користењето на пелети. Пелетите претставуваат ефикасно еколошко гориво, со чие користење се намалува загадувањето на воздухот до 20 пати пред се поради ниското количество на влага. Истите претставуваат обновлив извор на енергија и се $CO_2$ неутрални. Дополнителна погодност е тоа што пелетите се лесни и едноставни за употреба.

**Извор на финансирање:** Буџет на Општина Лозово/централна власт.

**Рок на реализација:** Континуирано.



# 10. МОДЕРЕН И АТРАКТИВЕН ЛОКАЛЕН ТУРИЗАМ

Имајќи ја во предвид големата улога што ја има туризмот во локалниот економски развој,општините својата економска плодност се повеке ја препознаваат во збогатувањето на туристичката понуда и подигнување на стандардите за квалитет во овој сектор.

## Е-МААП (КРЕИРАЊЕ НА ТУРИСТИЧКА АПЛИКАЦИЈА)

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2022 година.

## ИЗГРАДБА НА ЛОВНИ ОБЈЕКТИ (КОЛИБИ)

Поддршка за изградба на повеќе мали ловни објекти по должината на реката Брегалница со цел да се направат ловиштата поатрактивни.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2021 - 2024 година.

## ПРОЕКТ: МЕДЕНА ЗЕМЈА

„Медена земја" е веќе добро познат документарен филм со над 35 награди добиени на најпрестижните филмски фестивали низ целиот свет, и со две номинации за Оскари: во категориите најдобар документарен филм и најдобар интернационален филм. Подрачјето на кое се снимаше филмот стана атрактивно за туристи, но често се случува некој да залута во погрешна насока. Дефинираните патеки кои водат до овие убавини се неуредни и не одбележани со соодветната сигналистика. Поради тоа, патеките не пружаат сигурност и задоволство при пешачењето. Обележувањето се состои од дрвени патокази и показни табли, со машински издлабени натписи и соодветна заштита, со цел на корисниците да им пружи имформации за насоката на движење, оддалеченоста од крајната дестинација и запознавање со основните податоци за природната убавина. Рекламните паноа и соодветните билборди на нив ја содржат мапата на секоја патека, со одбележани природни убавини покрај кои истата минува. Содржат основни информации за должина на патеката, крајната



дестинација, предвидено време за пешачење. Вака подготвените рекламни паноа ќе се поставаат во кругот на Медена земја и на соодветните места на почетокот на патеката.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2021 - 2024 година.

# 11. СПОРТ, МЛАДИ И КУЛТУРА

Досегашната пракса на инвестирање и создавањето на услови за спортување на сите генерации, постојано се докажува како највредна инвестиција корисна за сите генерации. Преку изградбата и реконструкцијата, опремувањето на спортските сали, фудбалските и тениските игралишта, организирањето и субвенционирањето на голем број на спортски настани, поддршката на спортските таленти, директно допринесуваме за правилен психо-физички развој на децата, професионалците и гостите кои ги посетуваат овие содржини. Нашата тенденција на дисперзија на спортските содржини, наиде на огромно задоволство кај жителите од сите населени места, каде заживеа играњето на традиционалните турнири во мал фудбал. Тоа ни е мотив повеќе да продолжиме понатаму.

## ИЗГРАДБА НА МИНИ ФУДБАЛСКИ ТЕРЕНИ ЗА ДЕЦА

Спортот создава силни индивидуи, здрави личности, чувство за тимска работа. Потреба од силен индивидуален придонес, психолошка подготовка за правење победи и издржување на поразите и повторно одење кон победа. Вложувањето во здравјето на младите и во поттикнувањето на спортскиот дух е инвестиција во иднината на нашата земја. За таа цел ќе изградиме мини терени во поголемите населени места на територија на Општина Лозово.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2021 - 2024 година.

## ФИНАНСИРАЊЕ НА СПОРТСКИ КЛУБОВИ ВО ОПШТИНА ЛОЗОВО

Со цел правилен раст и развој на младите, како и поттикнување на нивниот натпреварувачки дух, локалната самоуправа активно ќе ги поддржува спортските клубови и ќе се грижи за нивно учество во третата македонска лига, во општинската лига и турнирите.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2021 - 2024 година.

## ИЗГРАДБАТА НА ФИТНЕС ЗОНА НА ОТВОРЕНО

Поставувањето на фитнес справи на отворено несомнено ќе придонесе кон зголемување на условите за развој на спортот и здравиот начин на живот, посебно кај помладата популација.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2022 година.

## ИЗГРАДБА НА ТРИБИНИ НА ВЕЌЕ ПОСТОЕЧКИТЕ ПОВЕЌЕНАМЕНСКИ ИГРАЛИШТА ВО ОПШТИНА ЛОЗОВО

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2022 година.

## ФИНАНСИРАЊЕ НА ТРАДИЦИОНАЛНИ ТУРНИРИ ВО МАЛ ФУДБАЛ НА ТЕРИТОРИЈА НА ОПШТИНА ЛОЗОВО

Ќе даваме свој придонес при организација на повеќе спортски манифестации и турнири.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** Континуирано.

## ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ДОБРОВОЛНИ КРВОДАРИТЕЛСКИ АКЦИИ СО УЧЕСТВО НА СПОРТИСТИ

Преку ваквите акции ќе се даде позитивен пример кај младите за подигнување на хуманитарната свест. Општината ќе се погрижи за обезбедување на соодветни услови и реализација на оваа активност.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** Континуирано.

## ИЗРАБОТКА НА ПРОЕКТ ЗА ИЗГРАДБА НА ОТВОРЕН ГРАДСКИ БАЗЕН

Со цел зголемување на интересот кон водните спортови, постои реална потреба за изградба на базен за подготовки, со димензии 12 метри ширина на 25 метри должина.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината/централна власт.

**Рок на реализација:** 2024 година.

## ПРОЕКТ: ИЗБЕРИ ЖИВОТ, ИЗБЕРИ СПОРТ

Организација на трибини на локално ниво на тема: Кампања за спортување и борба против пороците: алкохолот, дрогата и цигарите.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** Континуирано.

## СТИПЕНДИРАЊЕ НА МЛАДИ ТАЛЕНТИ ВО СПОРТОТ

За поттикнување на спортските активности на децата и младината, во текот на 2022 година ќе започнеме со доделување на две стипендии во висина од 10% од просечната месечна плата во Република Македонија. Секоја година две најталентирани и најуспешни деца и младинци во различни спортови ќе бидат стипендирани со финансиски средства од локалната самоуправа.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** Континуирано.

## ЕДНОКРАТЕН ПАРИЧЕН НАДОМЕСТОК ЗА СИТЕ СПОРТИСТИ ШТО ЌЕ СЕ ВРАТАТ СО ОСТВАРЕН УСПЕХ

Ќе воведеме принцип на наградување со еднократен паричен надоместок за сите спортисти што ќе се вратат со одреден спортски резултат, со кој достојно ја презентирале Општина Лозово.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** Континуирано.

## ОРГАНИЗАЦИЈА НА ФЕСТИВАЛ „ОВЧЕПОЛСКИ ГРОЗДОБЕР“

На местото каде ќе се одржува фестивалот ќе бидат поставени штандови на винариите, ќе има презентации на производи од грозје, а посетителите ќе имаат можност да се запознаат со процесот на правење на домашна ракија. Богата културно-уметничка програма.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** Континуирано.





# 12. СОЦИЈАЛНА, ЗДРАВСТВЕНА И ПРОТИВПОЖАРНА ЗАШТИТА

Социјалната заштита претставува основен императив на политиките на секоја општина со цел создавање на услови за инклузивно и кохезивно општество преку унапредување на положбата на ранливите групи во локалниот контекс на заедницата. Континуитетот во насока на подобрување и унапредување на здраствената заштита на граѓаните претставува наша основна цел.

## ЕДНОКРАТНА ПАРИЧНА ПОМОШ ЗА СОЦИЈАЛНО ЗАГРОЗЕНИТЕ ЛИЦА

По секое поднесено барање општината ќе пристапи кон разгледување на истото и доделување на финансиска помош за социјално загрозени лица по различни основи.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** Континуирано.

## ЗА СЕКОЕ НОВОРОДЕНО ДЕТЕ ПО 10 000 ДЕНАРИ

Доделување на еднократен финансиски надоместок за секое новородено дете со цел стимулирање на наталитетот.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** Континуирано.

## НОВОГОДИШНИ ПАКЕТЧИЊА И УЧИЛИШЕН ПРИБОР НА ДЕЦА ОД СОЦИЈАЛНО ЗАГРОЗЕНИТЕ СЕМЕЈСТВА

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** Континуирано.

### БЕСПЛАТНИ ЗДРАВСТВЕНИ ПРЕВЕНТИВНИ ПРЕГЛЕДИ

Проверка на холестерол, гликемија во крвта и делење на брошури и материјали за промоција на здрав начин на исхрана и стил на живеење.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** Континуирано.

### НОВИ ПРОСТОРИИ И ОПРЕМА ЗА ПРОТИВПОЖАРНАТА СЛУЖБА

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

**Рок на реализација:** 2022 година.

### ОБНОВУВАЊЕ И ПОСТАВУВАЊЕ НА НОВИ ХИДРАНТНИ МЕСТА ВО ОПШТИНАТА ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ПОЖАРНАТА

Со проектот се предвидува обнова, но и поставување на нови хидрантни места во општината со што ќе се зголеми ефикасноста на ТППЕ.

**Извор на финансирање:** Буџет на општина / Меѓународни финансиски институции.

**Рок на реализација:** 2022 година.

# 13. ИДЕИ ОД ГРАЃАНИ

- Чистење и санација на каналите од системот за наводнување „Калиманци“;
- Одводни канали во секое населено место, за заштита од поплави;
- Чистење на диви депонии;
- Изградба на тоалети и соблекувални покрај повеќенаменските игралишта во село Дорфулија и село Лозово;
- Поставување на хоризонтална и викална сигнализација на сите улици;
- Поставување на табли со улични броеви на секој дом.

*vmro-dpmne.org.mk*

*sozdadinovaidnina.mk*